Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-723/1

Скопје, 10. 03. 2021 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година, **министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за јавна набавка на стоки – Набавка на канцелариски материјали за потребите на Подрачните одделенија на Министерството за правда**

1.За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на стоки и тоа: набавка на канцелариски материјали за потребите на Подрачните одделенија на Министерството за правда.

1.1.Предмет на набавка: Набавка на канцелариски материјали за потребите на Подрачните одделенија.

1.2. Предметот на набавка не е делив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа Одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 300.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 54.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ во износ од 354.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовната буџетска сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 423, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

**3.** Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка

Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас, со


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.03.11 15:27:14 CET

користење на електронски средства преку ЕСЈН, но која нема да заврши со електронска аукција односно нема да се спроведе електронска аукција.

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 од Законот за јавните набавки е економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.**

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.

7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:
   - претседател на комисија: Петар Мирковиќ
   - членови: Марија Бриндевска
     Насер Ќамили

   - заменик претседател на Комисијата: Ана Стојова
   - заменици членови: Ратко Ајцев
     Теута Бериша

8. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година на Министерството за правда потребно е да се спроведе постапка за


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

доделување на договор за јавна набавка на стоки. Предмет на набавка е - Набавка на канцелариски материјали за потребите на Подрачните одделенија на Министерството за правда.
За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од **300**.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 54.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ во износ од 354.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовната буџетска сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 423, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Согласно на горенаведеното донесов Одлука како во диспозитивот.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
М-р Бојан Маричиќ

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

Подготвила: Марина Миновска, советник
Контролирала: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification